Врз основа на член 128 став 3 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15 и 152/15) и врз основа на делот А. Активности за 2017 година, точка 1. Министерство за економија, од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.192 /16), Министерството за економија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување финансиски средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите**

**I .ПРЕДМЕТ**: Доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) кој ќе го реализираат здруженијата на потрошувачите.

Програмата (проектот) ги содржи следните активности:

1.) Организирање на семинар за презентација на компаративната анализа на Законот за заштита на потрошувачите со директивите на Европската унија со предлог насоки за доусогласување на Законот за заштита на потрошувачите.

Семинарот ќе се одржи во Скопје.

**Вредност**: **120.000 денари**

2.) Подготовка и печатење на летоци и брошура за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

**Вредност**: **65.000 денари**

3.) Промоција на летоците и брошурата од областа на заштитата на потрошувачите

Организирање на прес конференција во Министерството за економија

**Вредност**: **0 денари**

4.) Подршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на следното:
- подигање на потрошувачката свест и култура;
- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за потрошувачи формирани во локалните самоуправи и локалните, односно националните невладини организации за заштита на потрошувачите;
- правни совети на потрошувачите;
- медиумски кампањи;
- доставување на мислења и инцијативи за доуредување на законската регулатива;

- консултанска подршка на локалните совети за заштита на потрошувачите и
- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.

**Вредност: 180.000 денари**

5.) Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите (BEUC) и Светската потрошувачка организација (Consumers International).

**Вредност: 80.000 денари**

6.) Информирање за алтернативните форми за решавање на потрошувачките спорови во случаи на настанати спорови помеѓу трговците и потрошувачите при купување на производи или услуги.

Организирање на семинари во Тетово, Кочани и Штип.

**Вредност: 60.000 денари**

7.) Организирање на работна средба со институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и невладиниот сектор за заштита на потрошувачите за унапредување на соработката и координација на активностите

Работната средба ќе се одржи во Скопје

**Вредност**: **0 денари**

8.) Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

Организирање на две работни средби во Скопје и Охрид.

**Вредност: 30.000 денари**

II.СРЕДСТВАТА ГИ ДОДЕЛУВА: Министерството за економија, ул. Јуриј Гагарин бр. 15, Скопје.

III. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на повикот имаат здруженија на потрошувачи кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да спроведуваат активности од минимум една година;

- да се занимаваат со активности и проекти од областа на заштитата на потрошувачите;
- да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава.

## IV.СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да содржи:

1. име, адреса, седиште на понудувачот, број на ж-ска, даночен број, овластено лице, број на телефон и факс;
2. вредност на програмата (проектот) изразена во денари;

Кон понудата треба да бидат приложени:

1. фотокопија од регистрација на здружение на потрошувачите;
2. програма за работа од доменот на заштитата на потрошувачите;
3. изјава дека се занимава со активности и проекти од областа на заштитата на потрошувачите;
4. изјава дека за иста намена и активности наведени во програмата (проектот) не користеле средства од друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Доколку здруженијата на потрошувачите аплицираат како конзорциум, должни се кон понудата да достават и Договор за регулирање на нивните меѓусебни права и обврски.

| V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР | БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Понудена програма (проект) | 40 |
| 2. Листа на главни услуги на понудувачите (реализирани проекти или учество во други програми (проекти) од областа на заштита на потрошувачите), издадени информативни материјали од доменот на заштитата на потрошувачите | 30 |
| 3. Регистрирани како здруженија на граѓани со основна дејност заштита на потрошувачи и ангажиран стручен кадар од најмалку три лица со високо образование одговорни за реализација на програмата (проектот) | 30 |

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудата се доставува во еден оргинален примерок заверен и потпишан (секоја страница) од страна на одговорното лице на понудувачот.

Понудата може да се достави преку пошта на адреса: ул. „Јуриј Гагарин“ бр.15, Скопје, или со предавање во архивата на Министерството за економија, секој работен ден од 9.00 до 16.00 часот.

Понудата и другата документација се доставува во затворен коверт во кој во горниот лев агол треба да стои ознака “не отварај” и називот на овој оглас. Во средината на ковертот треба да биде назначена точната адреса на Министерството за економија. Ковертот не смее да содржи никакви ознаки со кои би можел да се идентификува испраќачот – понудувачот.

Крајниот рок за прием на понудата е најдоцна до 16.00 часот на ден **12.04.2017 година (среда).**

Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Понудите кои нема да ги содржат бараните податоци од глава IV на овој повик, односно кон кои не е приложена целокупната документација, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Понудите за доделување на средствата ги разгледува Комисија, формирана во Министерството за економија, а одлука за доделување на средствата донесува Министерот, на база на предлог на Комисијата, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

Корисникот на доделените неповратни средства должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата.

Министерството за економија го задржува правото за пратење на реализација на проектите, како и контрола на наменско трошење на средствата.

## VII. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Јавното отварање на понудите ќе се изврши на ден **13.04.2017 година (четврток) во 11.00 часот** во просториите на Министерство за економија на I - ви кат во салата за состаноци.

Право на учество на јавното отварање на понудите имаат одговорните лица на понудувачите или претставници на понудувачите кои за своето присуство треба на Комисијата за доделување на средствата да и достават писмено полномошно од понудувачот.

Тел: ++ 389 2 3093 433
Факс: ++389 2 3084 901 Министерство за економија